**Оглас за**
**национален краткорочен експерт, ИКТ администратор**
**Проект финансиран од ЕУ „Поддршка на ЕУ за владеењето на правото“**

| | |
|---|---|
| Работодавач: | Агенција за европска интеграција и економски развој (АЕИ) |
| Локација: | Скопје, Република Северна Македонија |
| Вид: | Локален краткорочен експерт |
| Очекуван почеток: | 5 септември 2022 |
| Очекувано времетраење: | До 31 октомври 2022 година, вкупно 30 работни дена со можност за дополнително продолжување |

## КОНТЕКСТ

Националниот краткорочен експерт, ИКТ администратор, ќе работи за Компонента 1 (Подобрување на капацитетите на правосудните институции за остварување правда на транспарентен и одговорен начин) како дел од тимот за спроведување на проектот финансиран од Европската унија „Поддршка на ЕУ за владеење на правото“ во Северна Македонија. Проектот се спроведува од страна на искусно меѓународно партнерство под раководство на Агенцијата за европска интеграција и економски развој (АЕИ) и тројцата партнери – Министерството за правда и администрација на Република Хрватска, Министерството за внатрешни работи на Република Австрија и Институтот за основни и човекови права Лудвиг Болтцман.

Општата цел на проектот е зајакнување на владеењето на правото во Северна Македонија. Компонентата 1 ја спроведува следната конкретна цел: Подобрување на капацитетите на правосудните институции за спроведување на правдата на транспарентен и одговорен начин. Краткорочниот експерт ќе го поддржи спроведувањето на следните активности: Активност 1.2.1 Анализа и унапредување на правосудниот синџир и процесот на извршување со цел зголемување на ефикасноста; Активност 1.2.2 Поддршка за зајакнување на капацитетите на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија и Активност 1.3.1 Поддршка за спроведувањето на Стратегијата за ИКТ.

## ЗАДАЧИ И ОДГОВОРНОСТИ

Експертот ќе ги поддржува ИКТ одделите во одбрани институции кои се корисници на проектот, обезбедувајќи техничка експертиза, пренесување на знаење и обука на



This project is funded by the European Union
AEI.AT Agency for European Integration and Economic Development
Federal Ministry Republic of Austria Interior
REPUBLIC OF CROATIA Ministry of Justice and Public Administration
LUDWIG BOLTZMANN INSTITUTE Fundamental and Human Rights
EU with YOU

работното место за конфигурација и администрација на ИКТ хардвер и системски софтвер. Експертот ќе дава совети и за можни подобрувања на услугите за ИКТ поддршка обезбедени од страна на единиците за корисници во институциите. Конкретно, експертот ќе ги поддржи институциите корисници со:

- Изработка на детален попис на постоечката ИТ инфраструктура
- Инсталирање, конфигурирање, следење и одржување на нивните компјутерски системи и мрежи (и софтвер и хардвер)
- Дијагностицирање и решавање на хардверски и софтверски дефекти
- Поддршка за пуштање нови апликации
- Помош во креирањето на политики и стандарди за канцелариска ИТ средина, апликации, опрема, поддршка и обука
- Изработка на документација која точно ја одразува внатрешната ИТ структура
- Подготовка на предлози за подобрување на сегашните ИТ системи за зголемување на ефикасноста и намалување на трошоците
- Управување со безбедноста на информациите

**ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ**

- Зајакнување на ИТ вештините на ИТ специјалистите
- Подобрување на конфигурацијата на ИТ системите во институциите корисници
- Подобрување на обемот и квалитетот на внатрешните ИТ услуги
- Подобрување на внатрешните политики и процедури

**НЕОПХОДНИ КВАЛИФИКАЦИИ:**

- Универзитетска диплома по информациски системи, компјутерски науки или технички сродни области
- Најмалку 5 години работно искуство во ИКТ и најмалку 3 години искуство со конфигурација и администрирање на платформи базирани на Windows-Server со средна големина. Искуство со Active Directory и виртуелизација на Hyper-V
- Искуство со конфигурација и администрирање на мрежен хардвер

**ОПШТИ БАРАЊА:**

- Изразени аналитички вештини
- Флексибилност, силни вештини за адаптација и способност за тимска работа во потенцијално стресна средина со кратки рокови
- Добри усни и писмени комуникациски вештини на македонски и англиски јазик.
- Одлични вештини за известување
- Способност да се разберат и почитуваат сите доверливи класификации (од државна и од трговска природа) на какви било владини или трговски документи, изјави или други информации што може да му/и се дадат за време на извршувањето на неговите/нејзините должности.



This project is funded by the European Union
AEI.AT Agency for European Integration and Economic Development
Federal Ministry Republic of Austria Interior
REPUBLIC OF CROATIA Ministry of Justice and Public Administration
LUDWIG BOLTZMANN INSTITUTE Fundamental and Human Rights
EU with YOU

**ПРЕДНОСТИ:**

- Магистерски студии во технички релевантна област
- Применливи сертификати за хардвер и софтвер, како што се Microsoft MCSA или Cisco CCNA, итн.
- Претходно работно искуство во рамки на слични проекти финансирани од слични донатори
- Работно искуство со правосудните институции во Северна Македонија во областа на ИКТ

**ПОДНЕСУВАЊЕ НА АПЛИКАЦИИ:**

Ве молиме да ја испратите вашата апликација (CV Europass формат на англиски јазик) на: mojca.kuzmicki@rol.mk и benedikt.welfens@rol.mk до 21 август 2022 година, со назначување „Национален краткорочен експерт, ИКТ администратор" во насловот на пораката. Апликациите кои ќе бидат испратени по истекот на рокот или непотполните апликации нема да бидат земени предвид. Само кандидатите селектирани во потесен круг ќе бидат повикани на интервју.

Избраниот експерт ќе потпише договор за услуги со проектот. Единствената негова/нејзина одговорност ќе биде да ги исполни сите законски барања на овој договор, како и да ги покрие сите поврзани даноци и давачки.

Експертот не смее да има склучено каков било договор со јавната администрација на Република Северна Македонија во последните 6 месеци пред неговиот ангажман.



This project is funded by the European Union
AEI.AT Agency for European Integration and Economic Development
Federal Ministry Republic of Austria Interior
REPUBLIC OF CROATIA Ministry of Justice and Public Administration
LUDWIG BOLTZMANN INSTITUTE Fundamental and Human Rights
EU with YOU